**20222042876**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 12 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Решенито за цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/15, 190/17 и 26/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/21), во дел I став 1 во точката 43. точката на крајот на реченицата се брише и се додава нова точка 44., која гласи:

„44. Електронски тест за полагање на теоретскиот дел од возачкиот испит на кандидат за возач…………………………………………...600,00 денари.“

Член 2

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-89088/1
12 септември 2022 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.